# СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
# ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA

- Асоцијацијата на осигурително-брокерски друштва -

Бр. 68-503/1
10.04.2020 година
С к о п ј е

СКМ-ЗП-РУ-08/01

До:
Д-р Крсте Шајноски,
Претседател на Советот на експерти при
Агенција за супервизија на осигурување
Скопје

Предмет: Доставување предлог - мерки за справување со економските последици од корона вирусот од страна на Асоцијацијата на осигурително-брокерски друштва

Почитуван господине Шајноски,

Асоцијацијата на осигурително-брокерски друштва во име на сите членови би сакала да го изрази својот став во врска со новонастанатата состојба по повод ширењето на вирусот Ковид-19, како и да ги презентира мерките кои ги превзема како во делот на ширење на пандемијата, така и во делот на превземени мерки за намалување на нејзиното влијание врз осигурителниот сектор.

Во оваа насока, најпрво, без претенциозно детализирање, информираме дека членките на Асоцијацијата, навремено и без исклучок ги спроведоа сите заклучоци, марки и препораки на Владата на РСМ, органите на државнта управа и локалната самоуправа, без тактизирање околу своите трошоци за реализација на овие активности, се во насока на одржување и унапредување на колективното здравје во земјата. Истовремено, став на членките на Асоцијацијата е дека, однапред ја даваат својата безрезервна поддршка на сите мерки на државните органи кои се во насока на постигнување благосостојба на сите граѓани и стојат на располагање за одработување на својот дел од таквите активности.

Во делот на мерки кои сметаме дека треба да се превземат, а со цел намалување на влијанието на кризата би сакале да побараме поддршка и од Агенцијата за супервизија на осигурувањето и тоа:

1. Свесни сме дека со настанатата состојба намалена е финансиската моќ, како на правните, така и на физичките лица. Ваквата состојба доведува до одложување на обврските за осигурување (необновување на полиси или не вадење на нови полиси). Во ваква ситуација сметаме дека превземање на мерки за наплата на премија со одложено дејство би можела да биде една од мерките кои би ја посуспешиле продажбата. Имено во ситуација кога добар дел од правните и физички лица се борат за опстанок, секоја помисла на

International Chamber of Commerce
ATA carnet
cif wb6
Association of Balkan Chambers
EUROCHAMBRES
B.C.T.P. Balkan Center for Trade Promotion
enterprise europe network
Excellent
European Banking Federation
eurelectric
SECI
CEI
FIATA

Димитрие Чуповски 13, 1000 Скопје * П.Фах 324 * Телефон: (02) 3244000 * Факс: (02) 3244088
Dimitrie Cupovski 13, 1000 Skopje * P.O.Box 324 * Phone: + 389 2 3244000 * Fax: + 389 2 3244088
E-mail: ic@mchamber.mk * http://www.mchamber.mk

осигурување е непотребен трошок. Со ваквиот став истите несвесно се доведуваат во ситуација да можат да претрпат многу поголеми штети од штетите од кризата, односно да го изгубат својот имот или да причинат штета која поради немање на осигурување ќе мораат сами да ја покријат. Дополнително добар дел од граѓаните се плашат да излезат од своите домови и сакаат своите обврски да ги завршат безконтактно (а воедно може да дојде и до ситуација на целосен карантин кога).

При ваков случај опцијата која ја имаме е достава на полиса по e-mail во pdf формат која го отежнува/оневозможува процесот на наплата и следење на истиот. Поради сето погоре наведено сметаме дека треба да бидат превземени мерки на релаксација на контролните механизми кон осигурителните друштва во смисла на „Правилникот за методот за вреднување на ставките од билансот на состојба и изготвување на деловните биланси во делот на ненаплатени побарувања". Со релаксирањето на овој Правилник, ќе се овозможи да во овој кризен период се олесни на правните и физички лица пристап до осигурувањето, односно истите полесно ќе прифатат да купат осигурување ако се свесни дека обврска ќе може да ја сервисираат во периодот по надминување на кризата. Воедно, ние, осигурително-брокерските друштва кон друштвата за осигурување префрламе добар дел и од ненаплатената премија. Со ова во овој период се намалува и нашата финасиска моќ и се соочуваме со пробелмот на ликвидноста.

Со превземањето на погоре наведената мерка и ние ќе можеме и ние да бидеме по релаксирани во делот на пренос на ненаплатената премија (во ниеден момент не зборуваме за наплатената премија која во целост ја пренесуваме кон друштвата за осигурување согласно „Правилникот за начинот и постапката на наплата и пренос на наплатената премија од страна на осигурително брокерските друштва") кон друштвата за осигурување, и полесно ќе можеме да пристапиме кон продажба на полиси, а кој можат да допринесат кон намалување на штетите кои во случај на немање на осигурување би паднале на терет на клиентите;

2. Репрограмирање на датумите за уплата на 3-те преостанати рати за уплата на годишниот надоместок за спроведување на супервизија, утврдени со решение на АСО, за секое Осигутрително брокерско друштво, поединечно. Имено, предлагаме секоја поединечна квартална рата наместо на утврдените датуми: 15.4, 15.7 и 15.10.2020 година, да се плаќа на 3 еднакви рати, секој месец, почнувајќи од 15.4.2020 г. Така на пример, ратата која доспева на 15.4., наместо одеднаш, друштвата би ја платиле на три еднакви рати, и тоа: 1-ва рата на 15.4., 2-ра рата на 15.5. и 3-та рата на 15.6.2020, и така натаму секој месец, заклучно со последната уплата која би била на 15.12.2020 година;

3. Интервенција на Агенцијата за супервизија во делот на исплата на брокеража од страна на осигурителните компании заради тоа што во случај кога премијата е наплатена со доцнење од 180 или 360 дена (во зависност од Договорот за соработка со осигурителните компании) или по судски пат од страна на осигурувачот на осигурително брокерското друштво не му следува исплата на брокеража. Брокеражата е единствениот приход кој осигурително

брокерските друштва го остваруваат и во време на вонредна состојба каде што сите субјекти ја релаксираат наплатата, не остварувањето на брокеража може да биде кобно за брокерските друштва и да предизвика не можност за исплата на плата на вработените и намалување на генералната ликвидност.

Напоменуваме дека сите овие барања се однесуваат за времетраењето на вонредната состојба и периодот на консолидација, а се со цел да се задржи ликвидноста на осигурително- брокерските друштва. По извршената консолидација на работењето би се продолжило со постојниот начин на работење.

Со почит,
Претседател
Елена Тодорова с.р.

Изготвил/Проверил: Влатко Стојановски, советник